


ISO 9001
Q-1441

**27.09.2024-Петок**

## НАСТАНИ




### Богата културно-уметничка програма за одбележување на Светската недела на детето во Гевгелија

Во Гевгелија, ќе биде одбележана Светската недела на детето, за што ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, Националната установа Музеј- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија и ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, а во соработка со основнитите општински училишта подготвија богата културно-уметничка програма за децата.

Имено, на 1 Октомври 2024 година- Универзалниот ден на детето и почетокот на Светската недела ќе бидат означени со одржување предавање на м-р Силвестер Проле, во ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, на тема „Денови со етнокореологијата“, коешто ќе започне во 10:00 часот.

На 2 октомври 2024 година, следи Ликовна работилница со м-р Мирјана Крстева Массетти, во Народниот театар- Гевгелија, со почеток од 10:00 часот. А, веќе од 11:00 часот, продолжува предавањето на Проле во ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија.

Истиот ден, со почеток во 17:00 часот, во просториите на ЈОУ Пионерски дом ќе бидат одржани детски работилници (Драмска секција и Секциите за тапани, гитара, фолкорни танци, урбани танци и карате).

НУКЦ „Антон Панов“ од Струмица, на 3 октомври 2024 година, во Народниот театар- Гевгелија, ќе гостува со две изведби на театарската претстава за деца „Царевата нова облека“ од Ханс Кристијан Андерсен, во режија на Јасмина Вучкова. Првата изведба ќе започне во 10:00 часот, а втората во 12:00 часот. Осум актери на струмичкиот Народен театар ќе играат во оваа претстава предводени од Царот - Кољо Черкезов. Коста Ангов е шутот, гласникот и раскажувачот, царската кројачка е Оливера Аризанова - Мансбарт, а нејзината ќерка е Анкица Бенинова.



**27.09.2024-Петок**




Коста Ангов е шутот, гласникот и раскажувачот, царската којачка е Оливера Аризанова - Мансбарт, а нејзината ќерка е Анкица Бенинова. Улогата на првиот измамник ја игра Стојан Велков - Трн, а вториот измамник Танкица Стојанова, додека царскиот советник за мода е Ванчо Василев, а првиот дворјанин и дворски сликар е актерот Игор Тодоров.

„Самобендисаноста и себичноста, кои го тераат човека да гледа единствено кон себе, наспроти емпатијата и грижата, кои му даваат поширок светоглед. Доброто наспроти злото и лагата наспроти вистината. Повеќеслојноста на текстот отвора и други теми, но овие се клучните кои треба да ја засегнат најмладата публика. Во претставата публиката ќе биде директно вклучена заземајќи страна и тоа ќе придонесе за активно размислување на децата. Сето тоа ќе биде прикажано и раскажано на многу игрив и динамичен начин, преку креативни сцени, дијалози, низ танц и песна“- вели режисерката Јасмина Вучкова.

По одржаната Втора работилница за креативно пишување, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ ќе им ги врачи дипломите на учесниците, а во рамки на настанот ќе се одржи и литературно читање. И тоа, на 4 октомври 2024 година, во просториите на Библиотеката, со почеток во 12:00 часот.

Активностите ќе продолжат со дискусија на тема „Глобално кафе - Правата на децата“, во Пионерскиот дом, со почеток од 18:00 часот.

Културно-уметничката програма за Светската недела на детето ќе биде затворена на 8 октомври 2024 година, со гостувањето на претставата за најмалите дечиња „Црвенкапа“ од репертоарот на Театар „Хит“, а во режија на Сашо Ристовски. Претставата ќе се прикаже во Народниот театар- Гевгелија, со почеток во 10:00 часот. Играат: Ема Давчева, Магдалена Ризова-Черних, Сашо Ристовски и Бранко Атанасов.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**27.09.2024-Петок**

## ИНФОРМАЦИИ




**Отворени денови во Канцеларија за млади со младите од Гевгелија и членовите на Локален младински совет на Општина Гевгелија**

Низ многу забава, дружење и иницијативи на младите помина отворениот ден што го организираше Локалниот младински совет на Општина Гевгелија во Локалната канцеларија за млади, во Народниот театар- Гевгелија. Со мотото „Рашири ги хоризонтите и дознај нешто ново“, членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија започнаа со отворените денови во Младинската канцеларија.

Отворените денови се предвидени да се одржуваат секој вторник, од 13:00 часот. На коишто, со кафе и друштвени игри, младите ќе можат да го унапредат младинското учество и со иницијативи во различни надлежности на Општина Гевгелија да ги зајакнат младинските политики на локално ниво. Коишто, пак, ќе бидат застапувани од Локалниот младински совет на Општина Гевгелија пред Градоначалникот на општина Гевгелија и Советот на Општина Гевгелија.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




ISO 9001
Q-1441

**27.09.2024-Петок**

## ОБЈАВИ

**<u>Објавен Конкурсот за доделување на Општинската награда "Седми ноември"</u>**

Општина Гевгелија го објави Конкурсот за доделување на Општинската награда „Седми ноември“ што го распиша Комисијата за утврдување предлози согласно Одлуката за востановување и доделување на истата.

Наградата „Седми Ноември” на Општина Гевгелија се доделува на секои 5 години, на физички и правни лица како знак на признание на општина Гевгелија за остварувања во стопанството, науката, публицистиката, уметноста, културата, воспитанието и образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот и физичката култура, техничката култура, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други сегменти на животот, трудот, творештвото, што претставува посебен придонес за развојот на општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во државата и надвор од неа.

Наградата за значајни остварувања во областите наведени погоре се доделува на физички и правни лица- државјани на Република Северна Македонија, жители на општина Гевгелија, односно со седиште во општина Гевгелија доколку се работи за правни субјекти. По исклучок, заради посебен придонес кон напредокот и афирмацијата на општина Гевгелија, се доделува и на физички и правни лица надвор од општината.

Наградата се доделува за остварувања во изминатиот период помеѓу две јубилејни одбележувања на општинскиот празник, како и за подолг изминат период (за животно дело) кој претставува заокружена творечка или континуирана работна целина.

Конкурсот трае заклучно со 12.10.2024 година. Формулар за конкурирање за наградата „Седми ноември“ на Општина Гевгелија може да се подигне во Општината или на веб-страницата на Општина Гевгелија (www.gevgelija.gov.mk), во делот Соопштенија.

Предлозите се поднесуваат по пошта или во Архивата во Општината, во два примерока, до Комисијата за утврдување предлози за доделување на Општинската награда „Седми ноември“, ул. „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија.

